## Интервју: проф. д-р Мирјана Лончар-Вујковиќ, декан на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Приштина, со привремено седиште во Косовска Митровица

# Многу развиена високошколска, државна наставно-научна институција со богата традиција



*НИРИД на факултетот (Научно-истражувачката работа и издавачката дејност) е на завидно ниво, а на студентите им нуди можност да се изразат во критичка или уметничка смисла*

**Ве молиме накусо да ни го претставите Филозофскиот факултет во Косовска Митровица.**

Филозофскиот факултет е основан во 1960 година како оддел на белградскиот Универзитет, а по 10 години од основањето на Универзитетот во Приштина, станува негов составен дел. Имено, Филозофскиот факултет претставува најстарата и најразвиената високошколска установа на територијата на Косово и Метохија.

Својата дејност ја остварува во склад со законите на Република Србија. На Факултетот се одвива настава на сите нивоа на студии според акредитирани студиски програми на десет катедри (Српски јазик и книжевност, Српска книжевност и јазик, Руски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Психологија, Педагогија, Социологија, Филозофија, Историја, Историја на уметноста), 10 програми на основни, 8 мастер и 4 докторски студиски програми (Јазик и книжевност, Педагогија, Историја и Социологија).

Квалитетот на наставата и материјално–техничката основа овозможуваат образување компетитивни стручњаци кои по завршување на студиите се високорангирани и обучени за стручна работа, но и за продолжување на академското усовршување и научно–истражувачка работа.

**Дали планирате за академската 2017/2018 година некои новини и какви?**

За академската 2017/2018 година планираме унапредување на меѓународната соработка и размена на студенти со еминентни универзитети во Русија и западна Европа.

Меѓународната соработка на студентите ќе им овозможи престој во странство, стекнување со нови знаења и размена на искуства во најсовремени достигнувања од соодветните научни области.

**Што им нуди на студентите Филозофскиот факултет во Косовска Митровица? Кои се главните предности на факултетот?**

Филозофскиот факултет во Косовска Митровица е многу развиена високошколска, државна наставно–научна институција со богата традиција, голем број на студенти, професори и асистенти, со значајна издавачка дејност и разновидна понуда на студиски програми на сите нивоа на студирање. Се користат најсовремени технолошки методи за изведување интерактивна настава, електронско пријавување испити и слично.

НИРИД на факултетот (Научно–истражувачката работа и издавачката дејност) е на завидно ниво, а на студентите им нуди можност да се изразат во критичка или уметничка смисла во списанието за студенти „Филстуд“ кое излегува двапати годишно.

Факултетот е акредитиран за наставна и научно–истражувачка работа. Самостојно или во соработка со други високошколски институции и научни асоцијации во земјата и странство, организираше десетина научни собири и реализираше бројни научно–истражувачки проекти. Факултетот го објавува, сега веќе угледното списание Зборник на трудови на Филозофскиот факултет, кое што на списокот на Министерството за образование, наука и технолошки развој е котирано како списание од водечко национално значење (М51). Зборникот на трудови на Филозофскиот факултет е вклучено во Ерих плус листата на реномирани меѓународни списанија со европско ниво.

Со години успешно реализира меѓународни научни собири, од кои се објавени меѓународни тематски зборници на трудови. Учесник е и во бројни меѓународни и национални научно–истражувачки проекти. Факултетот во последните десет години објави преку 120 монографии, учебници и прирачници на своите наставници и соработници.




**По што е препознатлив Филозофскиот факултет во Косовска Митровица? Како ја согледувате позицијата на Факултетот наспроти другите сродни факултети?**

На Факултетот, се поголемо внимание се посветува на создавањето услови во кои студентите ќе можат да ги задоволат своите посебни интересирања, склоности, креативни потенцијали и да развиваат способности кои се значајни за нивната идна професионална работа. Студентите, традиционално, организираат „бруцошијада“ и апсолвентска вечер, учествуваат на „Филозофијада“, во културно–уметнички програми на Факултетот, како и во меѓународна размена на студенти. Тие имаат прилики на Факултетот да ги искажат своите склоности и таленти и да усовршуваат способности како автори на разновидни текстови кои се објавуваат во студентското списание „Др Филстуд“, низ работа на книжевно–литературната, реторичката, драмската и на други секции, да се испробаат како писатели, глумци или да се натпреваруваат во реторика.

Заедно со своите професори и асистенти, студентите учествуваат и во организирањето на научно–стручни собири, промоции на книги, хуманитарни акции и активности за одбележување на значајни јубилеи. Во овие активности се негуваат односи на меѓусебна соработка, доверба, солидарност и одговорност. Факултетот, со соодветна културно–уметничка програма, ги одбележува Денот на Факултетот и Денот на студентите, а по повод денот на Свети Сава и Видовден, организира свечено доделување дипломи. Факултетот е постојана сцена за организирање на јавни предавања, трибини, изложби, поетски вечери и промоции на книги.

**Каква е меѓународната и меѓууниверзитетската соработка на Филозофскиот факултет во Косовска Митровица, во што се состои и на кој начин се реализира?**

Филозофскиот факултет посебно внимание и посветува на соработката со други факултети во регионот и во странство. Во склоп на таа соработка се остварува, во склад со можностите и моменталните околности, размена како на студенти, така и на наставно–научен кадар. Во тој правец, во изминатите неколку години, реализирани се повеќе проекти, така што наставниците и соработниците на

Филозофскиот факултет имаа можност да учествуваат на програми како што се Темпус, Ерасмус и Ерасмус Плус. Исто така, во склоп на меѓународната соработка на студентите им се овозможени студиски престои во странство, особено на универзитети во Белгород (Русија) и на европски универзитети во Западна Европа, со кои Универзитетот во Приштина со привремено седиште во Косовска Митровица има многу значајна соработка.

**Колку нови студенти ќе запишете оваа година и колку места ќе бидат предвидени за студенти од странство?**

Факултетот својата дејност ја остварува во склад со законите на Република Србија и со принципите на Болоњската декларација и секоја година запишува околу 400 студенти на сите нивоа на студирање. За студенти од странство, уписот е без ограничувања.

**Кога се уписите и кои се условите**?

Приемот на документи за полагање на приемен испит во првиот уписен рок за основни академски студии и пријава на конкурсот за мастер академски студии **е 21, 22, 23, 26 и 27 јуни 2017 година.**

**Полагањето приемен** испит е на **30 јуни 2017** година **во 10.00 часот.**

Објавувањето на прелиминарната единствена ранг–листа е на 01 јули 2017 година во 08.00 часот.

**Уписот на кандидатите е на 3, 4 и 5 јули** 2017 година од 09 до 13 часот.

Заинтересираните кандидати се должни при пријавување на конкурсот за **основни студии** да поднесат на увид оригинални документи, а со пријавата за полагање да дадат фотокопии на документите и тоа:

1. Барање за полагање приемен испит (на скриптарницата на Факултетот);
2. Сведителство за сите четири одделенија од завршеното средно училиште;
3. Диплома за положен завршен, односно матурски испит;
4. Доказ за уплата на надомест за полагање приемен испит во износ од 3.000,00 динари на жиро–сметка: 840–1498666–80 – повик на број – 97 41–310.

Заинтересираните кандидати се должни при пријавување на конкурсот за мастер студии да поднесат на увид оригинални документи, а со пријавата за полагање да приложат:

1. Заверена копија на дипломата за завршени четиригодишни основни студии,
2. Уверение за положени испити;
3. Извод од матична книга на родени;
4. Доказ за уплата во износ од 3.000,00 динари на сметка на Филозофскиот факултет (број 40–1498666–80, повик на број 97 41–310 за надомест за пријава на конкурс).

Конкурсот за докторски студии за заинтересираните кандидати ќе биде дополнително објавен.

Кандидатите се должни при полагањето на приемниот испит со себе да носат лична карта.

Учесник на конкурсот има право на приговор до деканот на Факултетот во рок од 24 часа од денот на објавување на единствената ранг–листа со надомест од 1.000,00 динари, кој треба да се уплати на горенаведената жиро–сметка.

**Каква е заинтересираноста на дипломците за мастер и докторските студии на Вашиот факултет, колкумина од нив продолжуваат со своето образование по дипломирањето?**

Дипломираните студенти на нашиот факултет воглавно го продолжуваат своето образование кај нас. На сите акредитирани студиски програми на мастер и докторски студии, пријавени кандидати има над предвидениот број за упис.

**Која е Вашата порака и совет за матурантите?**

Запишете се на Филозофскиот факултет во Косовска Митровица, нема да се покаете.

Школарина

| | Државјани на РС | Странски државјани |
|---|---|---|
| **Основни студии** | 48.000 динари<br>6 рати | 2.000 евра<br>6 рати |
| **Мастер студии** | 60.000 динари<br>6 рати | 1.500 евра<br>6 рати |
| **Докторски студии** | 100.0000 динари<br>10 рати | 3.000 евра<br>6 рати |

